Врз основа на член 24, став 3 од Законот за полиција („Службен весник на РМ“ бр.114/06,06/09,145/12,41/14,33/15,31/16,106/16 и 120/16 ) член 36, став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, точка 32 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 28.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на Командир на Полициска станица во Крива Паланка**

1. За Командир на Полициска станица во Крива Паланка се избира Дејан Маринковски од Крива Паланка.

2. Командирот на полициската станица во текот на својата работа спрема Советот постапува согласно член 25 од Законот за полиција („Службен весник на РМ“ бр.114/06,06/09,145/12,41/14,33/15,31/16,106/16 и 120/16 ).

3. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 –2790/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2017 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за избор на Командир на Полициска станица во Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за избор на Командир на Полициска станица во Крива Паланка, што Советот ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 28.12.2017 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2790/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2017 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски, с.р.**



**Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

| Можен датум | Буџетски активности-Одговорност |
|---|---|
| Декември/Февруари-Март | Советот на Општината го донесува Буџетот,Одлука за извршување на Буџетот,Буџетскиот календар и други акти согласно Законските прописи. |
| Месечно(секој месец) | Градоначалникот го доставува Буџетот до Министерство за финансии,ги доставува пресметките за плата на Буџетските единки и планови за плата |

| | |
|---|---|
| | и тековни трошоци. |
| Јануари,Април,Јули и Октомври | Градоначалникот до Министерство за финансии доставува квартални планови за извршување на Буџетот на Општината. |
| Февруари | Одделението за финансиски прашања ги подготвува завршните сметки за секоја сметка поединечно и Завршна сметка на Буџетот на Општината за претходната година,а Градоначалникот до Советот на Општината ја доставува за нејзино усвојување и доставување до Министерството за Финансии.Поединечните Завршни сметки се доставуваат до Централен регистер и Државен завод за ревизија. |
| Април,Јули,Октомври и Декември | Одделението за финансиски прашања подготвува квартални извештаи за извршувањето на Буџетот за Општината кои што Градоначалникот до Советот на Општината ја доставува до Министерство за финансии и Советот на Општината. |
| Април-Мај | Градоначалникот доставува Буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници. |
| Јуни | Општинските буџетски единки ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. |
| Јули-Август | Одделението за финансиски прашања врши анализа на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Прдлог-Буџет. |
| Август | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот. |
| 30 Септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-Буџет за наредната година. |
| Октомври | Градоначалникот ги разгледува и одобрува програмите изготвени од пооделни Одделенија,кои се составен дел од Буџетот,го разгледува Предлог-Буџетот подготвен од страна на Одделението за финансии и Буџет на Општината. |
| Ноември | 1.Предлог-Буџетот се доставува до Советот на Општината.<br>2.Се објавува содржината на Предлог-Буџетот и се дава достапност на јавноста за јавна расправа. |
| Декември | До Советот се доставува конечен Предлог-Буџет од страна на Градоначалникот и Одлука за извршување на Буџетот. |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината. |
| Крај на Декември | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година и Одлука за извршување на Буџетот. |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година. |

**Бр.09 – 2790/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2017 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска, с.р.**

**Бр. 15 страна 489 „СЛЖБЕН ГЛАСНИК“ 29.12.2017 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година**

1. Се објавува Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка, што Советот го донесе на 6-та седница, одржана на ден 28.12.2017 година.

2. Буџетскиот календар да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2790/6**
**29.12.2017 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 31 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09,95/10, 180/11 и 171/12), член 93 став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка на 6-та седница, одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2018 година

1. **Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општината **КРИВА ПАЛАНКА** за **2018** година, се состои од:



| | |
|---|---|
| **I.Вкупни приходи** | **384.381.000** |
| Даночни приходи | 48.365.000 |
| Неданочни приходи | 14.405.000 |
| Капитални приходи | 41.640.000 |
| Приходи од дотации | 164.306.000 |
| Приходи од трансфери | 100.021.000 |
| Приходи од донации | 15.644.000 |
| **II.Вкупни расходи** | **379.081.000** |
| Од утврдени намени | 378.481.000 |
| Расходи од резерви | 600.000 |

| | |
|---|---|
| **III.Дефицит** | **5.300,000** |
| **IV.Финансирање** | **- 5.300.000** |
| **Прилив** | 0 |
| Домаш.задолжувања | 0 |
| Странски заеми | 0 |
| **Одлив** | **5.300.000** |
| Отплата на главница | 5.300.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2790/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2017 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе



**З А К Л У Ч О К**

**За објавување Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година, што Советот го донесе на 6-та седница, одржана на ден 28.12.2017 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2790/8** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2017 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“бр.5/02),член 23 став 8 од Законот за финансирање на Единиците локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15),член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Р.М.“број 27/14,199/14,48/15,154/15 и 5/16) и член 14 од Статутот на **Општина Крива Паланка**

(„Службен гласник на Општина **Крива Паланка**“ бр.08/10), Советот на Општина **Крива Паланка** на **6-та седница одржана на 28. 12 . 2017** година, донесе:

# О Д Л У К А
## за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година

**Член 1**

Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

-Основен Буџет;

-Буџет на самофинансирачки активности;

-Буџет на дотации;

-Буџет на донации; и



-Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела,а утврдените средства во Буџетот да ги користат,наменски,рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на Општината ја следи реализација на планот на приходите и другите приливи на Основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и други приливи значително отстапуваат од планот , предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник,корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки,програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките потпрограма и Буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати ,наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на Буџетот не можат да се зголемат со прераспределби повеќе од 10 %.



**Член 7**

Буџетските корисници ,во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ,доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети,кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот ,односно бруто платите се утврдуваат за:

- за Градоначалникот 2,90 коефициент на објавена просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година,утврден со закон;

- за недржавните службеници вредноста на бодот е 18,20 денари бруто,определен според правилникот за исплата на плати на недржавни службеници и ќе ги прати промените со исплата на плати на државните службеници;

- за исплата на плата на директорот на ЛУ Градски музеј ќе се исплатува коефициент 2,95 и бруто основица 12.492,00 денари согласно со Статутот и Правилникот.

- на вработените во ТППЕ ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања .

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2018 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:



- средствата ќе се планираат на наменската сметка -дотации (930),а ќе се извршуваат преку сметката дотации на локалните јавни установи (903);

- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од 2(два) дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да доставува барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати,образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме ,бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1 .

Исплатата на платите и надоместоците на вработените на локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира во блок дотации.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 50 % од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот ,за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок,зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на Совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува , доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.



Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува ,доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Исплатата на надомест за годишен одмор (регрес) ќе се врши од Програма - Општинска администрација-Е0 расходно конто 404110- надомест на годишен одмор и Програма-Градоначалник-ДО расходно конто 404110-надомест на годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60 % од просечната месечната нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување ,и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма -Градоначалник-Д0 расходно конто 404150-Други надоместоци.

**Член 15**

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки,почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка,при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва),одлучува Советот на Општината,а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.



**Член 17**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма -Градоначалник- Д0 расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000,00 денари,во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари,исплатата се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи).

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација Е0 расходно конто 464990 -Други трансвери на основа донесено решение од Градоначалникот,согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

**Член 19**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 20**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација,
и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во Буџетот на Општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата,образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии,врз основа на барање од Градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи,со соодветна пропратна документација.



**Член 21**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто плата.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот,погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени,а доколку такви приходи нема ,тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно ,на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот,освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Буџетот на Општина **Крива Паланка** се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“,а ќе се применува од 01 јануари 2018 година.

**Бр. 09-2790/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12 .2017 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година**

1. Се објавува Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година, што Советот го донесе на 6-та седница, одржана на ден 28.12.2017 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2790/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2017 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски, с.р.**



Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република “бр.27/14,199/14,48/15,154/15 и 5/16), Советот на Општина Крива Паланка , на **6-та седница одржана на 28.12.2017** година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државни службеници за 2018 година изнесува 76,80 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2018 година.

**Бр.09- 2790/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28 . 12 . 2017 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година**

1. Се објавува Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година, што Советот ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 28.12.2017 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр. 08 – 2790/12** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2017 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски, с.р.**



Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11; 54/11; 155/12; 53/13; 72/13, 44/14; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15; 217/15 и 31/16) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.973/2 и к.п.бр.4772 во К.О. Дурачка Река, Општина Крива Паланка

### Член 1

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

### Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Дурачка река на к.п.бр.973/2 и к.п.бр.4772 во К.О. Дурачка Река, Општина Крива Паланка сопственост на Илиевски Горанчо и Република Македонија.

### Член 3

На овој локалитет нема урбанистички план за село Дурачка Река.

### Член 4

Со изработка на урбанистички план за село Дурачка Река за овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи А1.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2790/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2017 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 973/2 и кп. бр. 4772 во К.О. Дурачка Река, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 973/2 и за кп. бр. 4772 во К.О. Дурачка Река, Општина Крива Паланка, сопственост на Илиевски Горанчо и Република Македонија, што Советот на Општина Крива Паланка ја донесе на 6-та седница одржана на ден 28.12.2017 година;

2.Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08–2790/14**
**29.12.2017 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11; 54/11; 155/12; 53/13; 72/13, 44/14; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15; 217/15 и 31/16) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1066 и к.п.бр.6545 во К.О. Конопница, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Конопница на к.п.бр.1066 и к.п.б.6545 во К.О.Конопница, Општина Крива Паланка сопственост на Илиев Владе и Република Македонија.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Конопница.



**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Конопница за овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи А1.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2790/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2017 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1066 и кп. бр. 6545 во К.О. Конопница, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1066 и за кп. бр. 6545 во К.О. Конопница, Општина Крива Паланка, сопственост на Илиев Владе и Република Македонија, што Советот на Општина Крива Паланка ја донесе на 6-та седница одржана на ден 28.12.2017 година;

2.Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08–2790/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2017 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11; 54/11; 155/12; 53/13; 72/13, 44/14; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15; 217/15 и 31/16) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе



**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1226/4 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во. м.в. Лозаново“ на к.п.бр.1226/4 во К.О. Крива Паланка сопственост на Велинов Љубен.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена домување во станбени куќи А1.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи А1.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2790/17**
**28.12.2017 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе



**З А К Л У Ч О К**

**За објавување Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/4 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/4 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка, сопственост на Велинов Љубен, што Советот на Општина Крива Паланка ја донесе на 6-та седница одржана на ден 28.12.2017 година;

2.Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08–2790/18**
**29.12.2017 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11; 54/11; 155/12; 53/13; 72/13, 44/14; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15; 217/15 и 31/16) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1226/3 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во м.в. Лозаново“ на к.п.бр.1226/3 во К.О. Крива Паланка сопственост на Велинов Дане.



**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена домување во станбени куќи А1.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи А1.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2790/19**
**28.12.2017 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/3 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/3 во К.О. Крива Паланка, Општина Крива Паланка, сопственост на Велинов Дане, што Советот на Општина Крива Паланка ја донесе на 6-та седница одржана на ден 28.12.2017 година;

2.Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08–2790/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.12.2017 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски, с.р.**

**Бр. 15 страна 505 „СЛЖБЕН ГЛАСНИК“ 29.12.2017 година**

Врз основа на чл. 14 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10), и Програмата за образование на Општина Крива Паланка, (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.13/17) од 01.12.2017 година , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 28.12.2017 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**

ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН ПРЕВОЗ НА СТУДЕНТИ КОИ СТУДИРААТ НА ДРЖАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО ШТИП И СКОПЈЕ, А СЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

Со овој правилник се одредуваат условите, критериумите и правилата за субвенциониран превоз на 10 (десет) студенти кои студираат на Државните Универзитетите во Штип и Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка.

Со правилникот за условите, критериумите и правилата за субвенциониран превоз со АДПТУТ „Пролетер“ АД с. Конопница, Крива Паланка на студенти кои студираат на Универзитетите во Штип и Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Правилник) се уредуваат видот и бројот на субвенции(бесплатен превоз) што ги доделува Општина Крива Паланка, објавувањето на конкурсот за доделување субвенции, начинот на пријавување на кандидатите, условите за добивање на субвенции и други прашања поврзани со доделување на субвенции .

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

Член 2

За доделување на субвенциониран превоз одлучува Комисија за спроведување на постапката за доделување на субвенции формирана со Решение донесено од страна на градоначалникот на Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Комисија).

Субвенциите за превоз на 10 (десет) студенти со АДПТУТ „Пролетер“ АД с. Конопница, Крива Паланка од Општина Крива Паланка до Универзитетите во Штип и

Скопје се доделуваат за поединечна календарска година, а врз основа на објавен конкурс.

Доделувањето на субвенциите е исклучиво право на Општината, кое зависи од можностите на Општината.



**ВИДОВИ И БРОЈ НА СУБВЕНЦИИ**

Член 3

Општината доделува субвенции за 10 (десет) студенти:

Секој студент се субвенционира со два повратни месечни билети до Државните Универзитети во Штип и Скопје.

Превозот на студентите го врши АДПТУТ „Пролетер“ АД с. Конопница, Крива Паланка

**УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ**

Член 4

Право на субвенција имаат студентите кои ги исполнуваат следните услови:

- Општи услови за студенти :

1. да се жители на општина Крива Паланка

2. да се државјани на Република Македонија

- Посебни услови за студенти:

1. да се запишани и да студираат на Државните Универзитетите во Штип и Скопје во Република Македонија
2. да се редовни студенти
3. имат постигнат успех од претходните студиски години од најмалку 8.5
4. да не повторувале година во текот на студирањето
5. предност имаат студенти деца на самохран родител, студенти деца на невработени родители, студенти деца без родители и родителска грижа, студенти деца со посебни потреби и студенти деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини за кои вкупните приходи во семејството се под нето минималната плата утврдена во Република Македонија
6. да не се постари од 25 години

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Член 5

Конкурсот за доделување стипендии се објавува на огласна табла и на интернет страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk .

Конкурсот ќе содржи:

- видот и бројот на субвенции

- условите и критериумите за субвенциониран превоз

- потребните документи кои кандидатот треба да ги приложи кон пријавата

- начинот, рокот на пријавување и место на поднесување на документи

- рокот за објавување на резултатите на кандидатите

Член 6

Пријавата се поднесува на образец изготвен од страна на комисијата за спроведување на постапката за доделување на субвенции. Пријавата ќе биде достапна во просториите на општината, како и на интернет страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk

Пријавата со потребните документи се доставува лично до Комисијата.

Рокот за поднесување на документи ќе биде објавен во конкурсот.

Покрај документите кои се поднесуваат со пријавата студентите се должни да потпишат изјава дека сите податоци наведени во пријавата се вистинити, а документите се оригинални и нивната содржина е вистинита.

**БОДИРАЊЕ**

Член 7

Комисијата по истекот на рокот за поднесување на пријавите, ги разгледува пријавите за доделување на субвенции за превоз и врши нивно бодирање. Непотполните пријави и пријавите пристигнати по истек на рокот нема да бидат разгледувани. Пријавите на кандидати кои не ги исполнуваат условите предвидени во конкурсот нема да бидат бодирани.

По извршеното бодирање на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во конкурсот, комисијата изготвува ранг листа на кандидатите.

Во случај да има кандидати со ист број на бодови конечна одлука донесува комисијата за спроведување на постапката.

Член 8

Резултатите за кандидатите кои оствариле право на субвенциониран превоз ќе бидат објавени на огласна табла во општина Крива Паланка како и на интернет страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk .



**ПРИГОВОР**

Член 9

Незадоволните кандидати имат право на приговор до Комисијата за спроведување на постапката во рок од 3 (три) дена од објавувањето на резултатите.

Приговорот се поднесува во писмена форма.

Одлуката по приговорот се доставува во рок од 15 дена. Одлуката на Комисијата по приговорот е конечна.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛИТЕ НА СУБВЕНЦИИ**

Член 10

Ако подносителот на пријава, кој го остварил правото на субвенциониран превоз се откаже или во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на резултатите не се јави, го губи правото на субвенциониран превоз, а право остварува кандидатот кој е следен на ранг листата.

**ДОГОВОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ**

Член 11

Договор за доделување на субвенциониран превоз, давателот – Општина Крива Паланка го склучува со АДПТУТ „Пролетер" АД с. Конопница, Крива Паланка, со кој поблиску се утврдуваат меѓусебни права и обврски.

**НАЧИН НА ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ**

Член 12

Субвенцијата се исплаќа на АДПТУТ „Пролетер" АД с. Конопница Крива Паланка по добиена фактура за искористен превоз во дадениот месец.

Член 13

Корисникот го губи правото на субвенција ако:

-го прекине студирањето

-го промени статусот од редовен во вонреден студент

- го промени факултетот

- не достави потврда за запишана семестар/година на факултет

- не достави уверение за положени испити

- го намали просекот на успехот на студирање

- престојува во странство



**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 14

Правилникот стапува на сила со денот на неговото донесување.

**Бр. 09 –2790/21** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2017 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланк** — **Изабела Павловска, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка

(„Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Правилник за условите, критериумите и правилата за субвенциониран превоз на студенти кои студираат на државните универзитети во Штип и Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Правилник за условите, критериумите и правилата за субвенциониран превоз на студенти кои студираат на државните универзитети во Штип и Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка, што Советот го донесе на 6-та седница, одржана на ден 28.12.2017 година.

2. Правилникот да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2790/22**
**29.12.2017 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски, с.р.**



# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Одлука за избор на Командир на Полициска станица во Крива Паланка........................................................................................................ 487
2. Заклучок за објаување Одлука за избор на Командир на станица во Крива Паланка........................................................................................ 487
3. Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка........................................................................................................488
4. Заклучок за објавување Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка...................................................................... 489
5. Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година........................................................................................................489

6. Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Буџет на Општина Крива Паланка за2018 година........................................................................... 491
7. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланказа 2018 година............................................................................................................ 491
8. Заклучок за објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018........................................................................ 497
9. Одлука за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година..............................................................498
10. Заклучок за објавување Одлука за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година.................................. 498
11. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 973/2 и за к.п. бр. 4772 во КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка................................................................................................................ 499
12. Заклучок за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 973/2 и за к.п. бр. 4772 во КО Дурачка Река, Општина Крива Паланка........................................................ 500
13. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1066 и за к.п. бр. 6545 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка.................................................................................................................. 500
14. Заклучок за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1066 и за к.п. бр. 6545 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка...................................................... 501



15. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/4 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка................. 502
16. Заклучок за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/4 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка............................................................................................. 503
17. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/3 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка................... 503

18. Заклучок за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. бр. 1226/3 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка....504
19. Правилник за условите, критериумите и правилата за субвенциониран превоз на студенти кои студираат на државните универзитети во Штип и Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка.... 505
20. Заклучок за објавување Правилник за условите, критериумите и за субвенциониран превоз на студенти кои студираат на државните универзитети во Штип и Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка.... 509